# Предлог-политики за поттикнување лојална конкуренција



ОРГАНИЗАЦИЈА
НА РАБОТОДАВАЧИ
НА МАКЕДОНИЈА

ОРГАНИЗАЦИЈА
НА РАБОТОДАВАЧИ
НА МАКЕДОНИЈА

# ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ ЗА ОДРЖЛИВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## Предлог-политики за поттикнување лојална конкуренција

Скопје, февруари 2017

Организација на работодавачи на Македонија
Ул. Димитрие Чуповски бр. 13, Скопје
Тел: 02/3215-085
Е-пошта: info@orm.org.mk
Веб-страница: www.orm.org.mk

# Предлог-политики за поттикнување лојална конкуренција[1]

[1] Овој документ е изготвен во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог", кој го финансира Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот. Тој се базира на наодите и стратешката рамка на политики за поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија на Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис конфедерацијата на Македонија, како и на препораките на членките на двете организации. Документот има цел да ги даде насоките во кои треба да се движат јавните политики насочени кон создавање поволно бизнис-окружување во РМ. Ставовите искажани во рамки на овој документ се единствена одговорност на авторот. Меѓународната организација на трудот и Европската Унија не преземаат никаква одговорност за точноста, прецизноста или сигурноста на било кој од материјалите, информациите или мислењата искажани во овој извештај.

**СОДРЖИНА**


1. **Резиме** ... 3
2. **Осврт на предизвиците и потребите** ... 4
3. **Историски контекст** ... 6
4. **Меѓународни споредбени искуства** ... 7
5. **Влијание** ... 9
6. **Опции на предлог-политики** ... 10
   - **6.1. Предлог-политики насочени кон надминувањето на бариерите кои ја нарушуваат локалната конкурентност** ... 10
   - **6.2. Предлог-политики кои стимулираат раст на локалната конкурентност** ... 13
7. **Препораки** ... 15
8. **Образложение** ... 16
9. **Спроведување** ... 16
10. **Следење и оцена** ... 16

# 1. Резиме

Лојалната конкуренција е еден од клучните фактори за креирање овозможувачка бизнис-околина. Ниската и нелојална конкуренција ги поткопува пазарните механизми, го оневозможува растот и не обезбедува оптимални производи и услуги за потрошувачите. Глобалните истражувања укажуваат дека во Р. Македонија, локалната конкуренција се подобрила во изминатите години и се наоѓа на 41-то место во Глобалниот индекс на конкурентноста (ГИК)[2]. Нивото на инвестирање во истражување и развој во Македонија е прилично ниско (помалку од 0,3% од БДП)[3], а претпријатијата мошне малку инвестираат во нови технологии и иновации[4].

Работодавачите сметаат дека сегашното бизнис-окружување не поттикнува иновирање бидејќи не се базира на квалитетот како примарен критериум. Тие сметаат дека сегашните политики и окружувањето придонесуваат да се креира нелојална конкуренција како од аспект на деловното работење, така и од аспект на пазарот на трудот.

Во оваа насока, потребно е најпрво да се отстранат сите правни и институционални бариери во работењето на претпријатијата. Притоа, креирањето исти услови за водење бизнис не значи по автоматизам примена на истите поттикнувања и ограничувања за сите бизниси. Напротив, окружувањето треба да креира еднаков третман и еднакви можности за развој на сите претпријатија, водејќи сметка за нивната големина. Дополнително, треба да се воведат мерки кои ќе дадат стимулативен импулс за вложување во продуктивноста, иновациите, едукација на вработените и сл.

Во оваа насока, овој документ дава неколку опции на предлог-политики:

**1.Предлог-политики насочени кон надминување на бариерите за локалната конкурентност**

1.1. Изедначување на условите за деловно работење на фирмите
1.2. Ревидирање на задолжителните трошоци за водење бизнис

**2.Предлог-политики кои стимулираат раст на локалната конкурентност**

2.1. Промовирање конкурентност преку квалитет во јавните набавки
2.2. Финансиска поддршка за воведување нови технологии и зголемување на продуктивноста
2.3. Поддршка на меѓусекторски партнерства во истражувањето и развојот согласно потребите на стопанството
2.4. Збогатување на системот на знаења кај МСП за интернационализација и конкурентност

---

[2] The Global Competitiveness Report 2016-2017, World Economic Forum, 2017

[3] Стратегија за конкурентност со акционен план на Република Македонија 2016-2020, јан. 2016

[4] Кај компаниите во доминантна странска сопственост, иновациите и новите технологии вообичаено се пренесуваат од компанијата-мајка, па затоа вообичаено тие немаат специјализирани активности во овој домен.

Предлог-политиките за надминување на бариерите за деловно работење треба да се развиваат во консултации со бизнис-заедницата (Економско-социјалниот совет, организациите на работодавачите, стопанските комори, Националниот совет за претприемништво и конкурентност итн). За успешно реализирање на предлог-политиките во доменот на иновациите и продуктивноста, неопходно е да се поттикнуваат меѓусекторски партнерства за да се постигне соодветен обем и трансфер на знаења и технологии. Притоа, тие не треба да наметнуваат соработка, туку треба да креираат услови во кои фирмите сами ќе го препознаат бизнис-интересот од здружувањето и соработката.

## 2. Осврт на предизвиците и потребите

Конкуренцијата е неопходна за развивање одржлива пазарна економија. Лојалната конкуренција е здрава и носи корист како за општеството, така и за бизнисот. Таа поттикнува подобрување на работењето на фирмите, вложување во нови технологии и развој на човечкиот капитал и постојана борба за усовршување. На потрошувачите и на купувачите таа им нуди поквалитетни производи и услуги, конкурентни цени и поширок спектар на избор. Од друга страна, пак, ниската и нелојалната конкуренција ги поткопува пазарните механизми, го оневозможува растот на голем број компании и не обезбедува оптимални производи и услуги за потрошувачите и за купувачите.

Македонските претпријатија сметаат дека лојалната конкуренција е еден од клучните фактори во креирањето овозможувачка бизнис-околина. Глобалните истражувања укажуваат дека во Р. Македонија, локалната конкуренција се подобрила во изминатите години и се наоѓа на 41-то место во Глобалниот индекс на конкурентноста (ГИК)[5]. Македонските претпријатија во значителна мера не се ориентирани кон потребите на потрошувачите. Според ГИК, постои простор за подобрување на делотворноста на антимонополските политики и во ориентираноста кон клиентите. Иако мал дел од анкетираните претпријатија (22,4%)[6] изјавуваат дека се соочуваат со монополи или монополско работење, во одредени сектори, големите фирми ја користат својата монополска позиција кон малите компании-добавувачи кои сметаат дека немаат соодветна правна и институционална заштита.

Иновациите се движечка сила кон поголем раст и животен стандард. Тие се нераскинливо поврзани со конкуренцијата, односно претпријатијата вложуваат во развој и иновации со цел да бидат поконкурентни на пазарот. И покрај напорите на Владата да ги поттикне иновативноста, истражувањето и развојот преку неколку стратешки документи, нивото на инвестирање во истражување и развој во Македонија е прилично ниско (помалку од 0,3% од БДП)[7]. Претпријатијата особено малку инвестираат во нови технологии и иновации[8]. Стратегијата за конкурентност на Р.М. 2016-2020 идентификува дека *„малите и средни*

[5] The Global Competitiveness Report 2016-2017, World Economic Forum, 2017

[6] Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија, Организација на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерација на Македонија (БКМ), 2013 г.

[7] Стратегија за конкурентност со акционен план на Република Македонија 2016-2020, јан. 2016

[8] Кај компаниите во доминантна странска сопственост, иновациите и новите технологии вообичаено се пренесуваат од компанијата-мајка, па затоа вообичаено тие немаат специјализирани активности во овој домен.

*претпријатија во Република Македонија се соочуваат со предизвиците на интеграција во меѓународните пазари поради недостатокот на менаџерски, финансиски и технички капацитети, што ја ограничува нивната конкурентност“.* Покрај ова, работниците во Македонија посетуваат прилично малку обуки и државата е рангирана на 89-тото место во однос на „степенот на обуки за вработените“[9]. Но, македонските претпријатија сметаат дека сегашното бизнис-окружување не ги поттикнува да внесуваат иновации. Во ситуација кога примарниот критериум кај потрошувачите и особено при јавните набавки е цената, претпријатијата не се стимулирани да вложуваат во унапредување на квалитетот. Начинот на кој се реализираат јавните набавки, наместо да ја стимулираат лојалната конкуренција и иновативноста, тие дејствуваат дестимулативно. Покрај ова, претпријатијата се соочуваат со предизвици во секојдневното работење од аспект на правна несигурност, слаба ефикасност на судството и значителни дополнителни трошоци наметнати од законодавството кои влијаат врз нивната конкурентност и посветеноста кон инвестирање во иновации и развој. Конкурентноста на македонските претпријатија е намалена и поради тоа што порастот на платите не е нужно поврзан со продуктивноста на претпријатието[10].

Македонските претпријатија посочуваат дека сегашните политики и окружувањето придонесуваат да се креира нелојална конкуренција. Нелојалната конкуренција се манифестира на два начини: 1) нелојална конкуренција во деловното работење и 2) нелојална конкуренција на пазарот на трудот (од аспект на работодавачи). Неформалната економска активност е широко распространета во македонската економија и повеќе од половина од претпријатијата изјавиле дека се соочуваат со конкуренција во деловното работење од страна на неформални или нерегистрирани претпријатија. Таа влијае и од аспект на пазарот на трудот поради неформалните вработувања. Врз нелојалната конкуренција во деловното работење влијаат и други фактори, како што се: а) политичкото мешање во комерцијалните активности[11], б) начинот на спроведување на јавните набавки, в) привилегираната положба на инвеститорите од слободните индустриски зони кои добиваат услуги од државата (на пример, инфраструктура) за кои останатите компании мора да користат кредити, и г) селективноста и нееднаквиот третман на инспекциските органи. Во однос на нелојалната конкуренција на пазарот на трудот, работодавачите ги идентификуваат следните фактори: а) неформалното вработување преку договори на дело и сл., б) субвенциите на платите кои ги добиваат инвеститорите од слободните индустриски зони ги става во привилегирана положба на пазарот на трудот и в) растот на обемот и платите во администрацијата не го следат растот и нивото на платите во стопанството, што претпријатијата ги прави неатрактивни работодавачи.

Работодавачите сметаат дека за да се поттикне локалната конкурентност и за да се зголеми нивото на инвестирање во иновации, истражување и развој, нужно е најпрво да се отстранат сите правни и институционални бариери во работењето на компаниите. Окружувањето треба да креира еднаков третман и еднакви можности за развој на сите претпријатија, притоа водејќи сметка за нивната големина. Дополнително, треба да се изготват политики и мерки

[9] The Global Competitiveness Report 2016-2017, World Economic Forum, 2017

[10] Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија, Организација на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерација на Македонија (БКМ), 2013 г.

[11] Според анкетата со работодавачите од 2013 година, 44,7% изјавиле дека постои политичко мешање во комерцијалните активности.

кои ќе дадат стимулативен импулс за претпријатијата да вложуваат во подобрување на продуктивноста, едукација на вработените, нови технологии, истражување и развој.

## 3. Контекст

Конкурентноста на македонската економија е идентификувана како едно од клучните прашања на јавните политики во Р. Македонија, што е рефлектирано и во Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020г. Стратегијата за конкурентност на Р.М. 2016-2020 идентификува дека според меѓународните истражувања државата се вбројува во групата земји кои се во фаза на конкурентност во која економиите се водени од ефикасноста. Според рангирањата на Светскиот економски форум, локалната конкурентност на Македонија е значително подобрена во изминатите години, од 119-та позиција во 2012 година, во 2015 годиназемјата е рангирана на 41-вата позиција со просек 4,6 на скалата од 1 до 7 (7 е највисока конкуренција)[12]. Во однос на степенот на ориентираност кон потрошувачите, земјата е рангирана на 57-то место.

Истражувањето, развојот и иновациите се едни од клучните аспекти на конкурентноста. Истовремено, тоа е една и од слабите точки на македонската економија, што е идентификувано и во извештајот на Светскиот економски форум. Нивото на истражување и развој во РМ бележи значителен пад од 0,44% од БДП во 2000 година на 0,19% од БДП во 2009 година, а во последните години е пониско од 0,3% од БДП[13]. И самите претпријатија малку инвестираат во нови технологии и иновации. За илустрација, во 2010 година, 50% од приходите на истражувачките институции потекнувале од владини извори, само 0,2% од приватни претпријатија и околу 17% од приватни непрофитни организации. Глобалното истражување на претприемништвото (ГЕМ) покажува дека стапката на иновативност во Македонија е најниска во однос на другите земји од регионот[14]. Со цел да се поттикнат иновациите и развојот, во последните неколку години се донесоа повеќе политики во оваа насока. Применетите истражувања, развојот и иновациите се едни од стратешките цели на Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 г. Таа предвидува *„зголемени инвестиции во истражувањата и развојот од страна на јавниот и приватниот сектор, поттикнување и соработка помеѓу индустријата, научните, истражувачките и владините институции, развивање технолошка инфраструктура и технолошко-индустриски развојни зони, создавање нови производи и услуги, зголемување на примената на нови технологии, вработување истражувачи со повисоко образование и заштита на правата на интелектуалната и индустриската сопственост“*. Донесени се и посебни стратешки документи, како што е Националната стратегија за иновации 2012-2020г., Националната програма за научно истражување и развој 2012-2016г., Програмата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој 2012-2015г., итн. Овие документи предвидуваат вложувањето во истражување и развој да достигне 1% од БДП за период од 5 години, а 1,8% до 2020 година. Формиран е и Фонд за иновации кој нуди финансиска

[12] The Global Competitiveness Report 2016-2017, World Economic Forum, 2017

[13] Стратегија за конкурентност со акциски план на Република Македонија 2016-202, јануари 2016

[14] Претприемништвото во Македонија 2013, Глобално истражување за претприемништвото, Македонска развојна фондација за претпријатија, 2014

поддршка на фирмите и физичките лица во овој домен. Стратегијата за конкурентност на Р.М. 2016-2020[15] го идентификува предизвикот на МСП во интеграција на меѓународните пазари и како еден од приоритетите за измени ја предвидува *„охрабрување на интернационализација на МСП“*.

Во однос на поттикнувањето лојална конкуренција, донесен е Закон за заштита на конкуренцијата[16]. Во 2005 година е основана Комисија за заштита на конкуренцијата како тело одговорно за создавање лојална конкуренција. Но, се чини дека поттикнувањето на лојалната конкуренција не е приоритет на јавните политики, а активноста на Комисијата е релативно слаба. Во однос на ефективноста на антимонополските политики, Македонија е рангирана на 49-то место[17]. Глобалните индикатори за управување на Светска банка укажуваат дека управувањето во Р. Македонија постигнува помеѓу 55% и 73% во однос на ЕУ27[18]. Особени предизвици се идентификувани во однос на владеењето на правото, ефикасноста на владата, контрола на корупцијата и сл. Овие фактори се особено важни за поттикнување на лојалната конкуренција и на конкуренцијата базирана на квалитет.

Македонија е земја со релативно голем неформален сектор. Се проценува дека од 20% до 40% од БДП се поврзани со сивата економија. Повеќе од 70% од фирмите изјавиле дека се соочуваат со неформални или нерегистрирани фирми. Според анкетата помеѓу претпријатијата на Светска банка, во 2013 година мнозинството фирми (55,5%) изјавиле дека се борат против неформалната конкуренција; 34,6% изјавиле дека неформалноста е најголема пречка во нивниот бизнис. Исто така, податоците од анкетата на работната сила покажуваат дека 25% од работниците во РМ во 2011 година биле вработени неформално. Овој процент има тренд на опаѓање од 2007 година. Во оваа насока, Владата во изминатите години презеде повеќе мерки и активности меѓу кои и Законот за регистрирана дејност, годишни акциски планови за сузбивање на неформалното вработување и сл.

## 4. Меѓународни споредбени искуства

Споредбените искуства укажуваат дека во однос на локалната конкурентност, Р. Македонија има постигнато значителен напредок во однос на земјите од регионот. Додека во 2012 година земјата била рангирана на 119 место, во 2015 година во однос на интензитетот на локалната конкуренција Р. Македонија била рангирана на 41-то место, повисоко од сите споредувани земји (Табела 1). Оваа табела исто така покажува дека Ирска и Словенија имаат повисок степен на ориентираност кон клиентите. Тоа остава простор за понатамошно унапредување во овој домен како и во доменот на антимонополските политики.

---

[15] Стратегија за конкурентност со акциски план на Република Македонија 2016-2020

[16] Службен весник на РМ бр. 04/2005 ставен вон сила. Потоа е донесен нов закон – Службен весник на РМ бр. 145/2010 и измени – Службен весник бр. 136/2011.

[17] The Global Competitiveness Report 2016-2017, World Economic Forum, 2017

[18] Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 г., Министерство за економија, 2009 г.

*Табела 1. Показатели за конкуренцијата и антимонополските политики, 2015 г. (Рангирање на државите)*

| Држава | Интензитет на локалната конкуренција | Делотворност на антимонополските политики | Степен на ориентираност кон клиентите |
|---|---|---|---|
| Македонија | 41 | 49 | 57 |
| Ирска | 64 | 17 | 21 |
| Словенија | 55 | 50 | 40 |
| Хрватска | 92 | 98 | 74 |
| Бугарија | 107 | 74 | 73 |
| Србија | 128 | 118 | 119 |

Извор: Светски економски форум, Глобален индекс на конкурентноста 2016-2017 г.

Во однос на вложувањата во истражувањето и развојот од страна на претпријатијата, Р. Македонија е позиционирана пониско од останатите земји со исклучок на Србија и Хрватска (Табела 2) но, со значителен напредок во однос на изминатите години (речиси двојно во однос на 2012 година). Покрај ова, Македонија е рангирана на 67-та позиција според нивото на технолошка апсорпција на фирмите. Податоците од ГЕМ укажуваат дека бројот на македонските компании кои изјавиле дека користат најнова технологија е повисок отколку во Ирска и во Словенија (Графикон 1).

*Табела 2. Инвестирање на компаниите во истражување и развој, 2015 г.*

| Држава | Позиција | Вредност (1-7, 7 е најдобра оцена) |
|---|---|---|
| Македонија | 58 | 3,4 |
| Ирска | 20 | 4,8 |
| Словенија | 33 | 4,1 |
| Хрватска | 79 | 3,2 |
| Бугарија | 50 | 3,5 |
| Србија | 121 | 2,7 |

Извор: Светски економски форум, Глобален индекс на конкурентноста 2016-2017 г.
Забелешка: На скалата од 1 до 7, каде што 7 е најдобро.

*Графикон 1. Користење технологија од страна на постојните претпријатија (%)*




Извор: ГЕМ-АВП

Но, од друга страна, извештајот на ГЕМ за 2013 година заклучува дека постои тренд на опаѓање на интересот за иновации од страна на претпријатијата во Македонија и дека стапката на иновативност во Македонија е најниска во однос на другите земји од регионот (13,82% кај бизнисите во рана фаза на развој, а 4,23 % кај воспоставените бизниси)[19].

Од аспект на поврзаноста помеѓу платите и продуктивноста, показателите укажуваат дека во 2015 година Македонија има најниска флексибилност во однос на одредувањето на платите, но во однос наземјите од регионот има подобра поврзаност на платите со продуктивноста (Табела 3).

*Табела 3. Показатели за плати и продуктивност, 2015г.*

| Земја | Флексиб. при одредување на платата, 1-7 (најдобро) | Флекс. при одредување на платата, ранг | Плата и продуктивност, 1-7 (најдобро) | Плата и продуктивност, рангирање |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | 4,1 | 118 | 4,3 | 48 |
| Ирска | 5,4 | 42 | 5,3 | 7 |
| Бугарија | 5,0 | 71 | 4,0 | 67 |
| Хрватска | 5,1 | 66 | 4,0 | 66 |
| Словенија | 4,3 | 115 | 3,9 | 70 |
| Србија | 5,3 | 46 | 3,5 | 107 |

Извор: WEF, GCI, 2016-2017.

Споредбените искуства укажуваат дека неформалната економска активност е една од послабите точки на македонската економија која директно влијае на лојалната и локалната конкурентност. Процентот на фирми кои се борат против нерегистрирани или неформални фирми и кои сметаат дека оваа конкуренција им е главна пречка е значително поголем отколку во речиси сите останати споредувани земји (Табела 4).

*Табела 4. Показатели за неформална економска активност, 2013г.*

| Земја | Макед. | Срб. | Бугар. | Хрват. | Слов. |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на фирми кои се борат против нерегистрирани или неформални фирми | 55,5 | 37,5 | 59,2 | 48,2 | 26,5 |
| Процент на фирми формално регистрирани кога започнале со работа во земјата | 98,9 | 98,6 | 96,9 | 96,3 | 100 |
| Број на години кога фирмата работела без формално да се регистрира | 0 | 0,1 | 0,2 | 0 | 0 |
| Процент на фирми кои сметаат дека работењето на конкурентите од неформалниот сектор е главна пречка | 34,6 | 12,6 | 32,9 | 18,8 | 8,6 |

Извор:World Bank, Enterprise Survey

[19] Претприемништвото во Македонија 2013, Глобално истражување за претприемништвото, Македонска развојна фондација за претпријатија, 2014

## 5. Влијание

За македонските компании, лојалната конкуренција е еден од клучните фактори за креирање на овозможувачка околина. И покрај тоа што поттикнувањето на локалната конкурентност на македонската економија е приоритет на јавните политики, претпријатијата сметаат дека сегашното бизнис-окружување не стимулира вложување во квалитет и унапредување на продуктивноста и конкурентноста на база на нови технологии, иновации и истражувања. Иако според светските рангирања за конкурентност, Р. Македонија е најдобра во „основните барања"[20], во практиката, фирмите се соочуваат со предизвици од аспект на неформалната економија, слабо владеење на правото и правна несигурност, нееднаков третман и можности на пазарот и сл.

Политиките за поттикнување на иновациите, истражувањето и развојот допрва треба да ги дадат посакуваните резултати и влијанието. Но, тие се насочени кон креирање додадена вредност во насока на зголемување на конкурентноста. За тие да извршат позначително влијание врз поголем број претпријатија, потребно е суштинско унапредување на условите на пазарот во насока на отстранување на погоре идентификуваните предизвици и креирање еднакви услови на домашниот пазар, вклучително и на пазарот на трудот.

## 6. Опции на предлог-политики

Согласно идентификуваните состојби и предизвици, предлог-политиките за поттикнување на лојалната конкурентност се групирани во два клучни сегменти: предлог-политики насочени кон надминување на бариерите кои ја нарушуваат лојалната конкуренција и предлог-политики кои стимулираат раст на локалната конкурентност.

### 6.1. Предлог-политики насочени кон надминувањето на бариерите кои ја нарушуваат локалната конкурентност

Целта на овие мерки е да овозможи еднаков третман на бизнисите на пазарот и да ја превенира нелојалната конкуренција. Во овој домен се предлагаат следните предлог-политики:

#### <u>6.1.1. Изедначување на условите за деловно работење на фирмите</u>

Предлог-мерки:

- *Поттикнувања за компаниите-инвеститори надвор од слободните индустриски зони*

Во изминатите години, Владата на Р. Македонија презеде низа мерки кои овозможуваат преференцијален третман за инвеститорите во слободните економски зони. Политиките за креирање поволности за потенцијалните странски инвеститори е тренд речиси во сите земји

[20] Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 г., Министерство за економија, 2009 г.

кои стратешки се насочуваат кон привлекување странски директни инвестиции. Но, од друга страна, ваквиот приод креира нееднаков третман кон домашните компании и пропушта да го препознае потенцијалот на домашните инвеститори, како и на другите странски инвеститори надвор од слободните индустриски зони. Поради тоа, се предлага Владата да предвиди соодветни поттикнувања и за домашните компании кои инвестираат и се ориентирани кон извозот. Мерките би вклучиле изедначување на даночните олеснувања, субвенциите, како и другите поттикнувања кои се предвидени за компаниите од слободните индустриски зони.

- *Зајакнување на квалитетот на инспекцискиот надзор и правната сигурност во примена на законите*

Перцепцијата на македонските претпријатија е дека честопати инспекторите постапуваат селективно и не вршат соодветна контрола, со што се креира нелојална конкуренција. Во оваа насока се препорачува да се реализираат предвидените реформи за развој на методологии и алатки за спроведување униформен инспекциски надзор кој ќе оневозможи субјективно упатување и селективно постапување на инспекторите. Исто така, ваквиот систем треба да води сметка да го димензионира инспекцискиот надзор на начин кој ќе овозможи соодветна контрола, но истовремено нема да предизвика значително нарушување на тековното работење на фирмите. Во законската регулатива потребно е да се зајакне и одговорноста на инспекторите.

Инспекциските служби можат да придонесат и за посоодветна примена на законската регулатива за финансиска дисциплина преку зајакната контрола на должниците (оние кои ќе се идентификуваат при посетите во останатите фирми).

Во практиката, претпријатијата често се соочуваат со различно толкување на прописите од страна на различни служби, како и на различни лица во самите служби што е особено случај со инспекциските служби. Во оваа насока, за секој закон се предлага надлежните институции да изготвуваат практично толкување на законот кој ќе послужи како водилка како за бизнисите, така и за службениците во институциите.

- *Намалување на неформалната економија*

Владата на Р. Македонија треба да продолжи со реформа на регулативата која на долг рок ќе се стреми да ја сузбие сивата економија. Притоа, имајќи ги предвид социо-економските состојби во државата, овие политики е нужно да бидат внимателно избалансирани со цел да не ги погодат најранливите категории граѓани кои живеат во, или на работ на сиромаштијата. Затоа се препорачува дел од мерките да предвидуваат поттикнувања и поддршка за формализирање на економската активност. Сличен принцип треба да се примени и од аспект на неформалното вработување. Потребен е зајакнат надзор и доследна и непристрасна примена на регулативата, но истовремено водејќи сметка таа да не наметне дополнителни оптоварувања врз најранливите општествени групи граѓани.

Конкретните мерки во овој сегмент се комплексни и потребни се дополнителни сеопфатни анализи за нивно изготвување. Во оваа насока се препорачува и анализа на практиките во земјите од регионот во регулирањето дејности од мал обем. Организациите на работодавачите

(ОРМ и БКМ) стојат на располагање за соработка во понатамошната анализа и изготвување на предлог-мерките и законските решенија.

- *Олеснување на жалбената и казнената политика*

Со измените во Законот за прекршоци[21] се направија измени во казнената политика со тоа што нивоата на казни ќе соодветствуваат со големината на фирмата. Неопходно е понатамошно ревидирање на Законот за прекршоци бидејќи прагот за класификација на компаниите во мали и средни е многу низок. Така на пр. за микро фирми кои имаат најголемо намалување на казната се сметаат оние кои имаат до 9 вработени и вкупен приход до 500,000 денари. Вакви фирми воопшто не можат да опстанат затоа што со вкупен приход од 500,000 денари не може да се оствари ниту средства за исплата на минимална плата.

Дополнително, по изречените решенија од страна на Управата за јавни приходи, треба да се остави можност за жалба пред извршувањето на решението. Ова е особено важно за микро и малите претпријатија за кои принципот „жалбената постапка не го одложува извршувањето на решението" честопати е значително оптоварување врз ликвидноста.

### 6.1.2. Ревидирање на задолжителните трошоци за водење бизнис кои произлегуваат од регулативата

И покрај тоа што Р. Македонија има ниски даночни стапки и релативно ниски плати во споредба со земјите од регионот, претпријатијата сметаат дека регулативата им наметнува обврски и значителен обем на дополнителни трошоци како во поглед на трошоците на трудот, така и во останатите области од работењето. Во оваа насока се предлагаат следните мерки:

- *Изготвување анализа на трошоците за водење на бизнис*

Во моментов не постои сеопфатна анализа на реалните трошоци за водење бизнис кои произлегуваат од регулативата. Поради тоа, потребно е да се изготви ваква анализа. Во оптимална ситуација, анализата би се базирала на меѓународна, стандардизирана методологија која би овозможила и споредба со другите земји во регионот и во Европа. Во првичната фаза, организациите на работодавачите врз база на податоци од нивните членки можат да изготват список трошоци по области и различни типови законодавство.

- *Ревидирање на задолжителните трошоци за водење бизнис*

Врз основа на оваа анализа, потребно е да се ревидираат трошоците за водење бизнис во насока на понатамошно олеснување на деловното работење на бизнисите. Притоа, полезно е да се користат добрите практики од другите европски земји, но исто така и да се консултира бизнис-заедницата. Процесот на ревидирање на трошоците може да резултира со целосно укинување одредена обврска или, пак, трансформирање на начинот на кој дадената регулатива се спроведува во моментот. Некои од опциите посочени од страна на членките на организациите на работодавачите се:

[21] Закон за прекршоците, Службен весник на Р.М. 124/2015

- Задолжителниот здравствен преглед за вработените лица да не се наплаќа дополнително, туку да се реализира во рамките на задолжителното здравствено осигурување (како дел од мерките за задолжителна здравствена превенција за осигурениците). На тој начин би се намалил дополнителниот финансиски товар за работодавачите, а истовремено би се реализирала превентивната функција на прегледите.

- Уплатата на ДДВ кон државата да се врши по наплатена фактура наместо досегашната обврска на уплата на ДДВ по издадена фактура. Исто така, се препорачува и ДДВ да не се плаќа при увоз.

- Да се ревидира минималната основица за пресметка на социјалните придонеси на ниските плати која сега изнесува 15.000 денари.

- За дел од прописите, фирмите се обврзани да ангажираат надворешни ревизии и лиценцирани и овластени консултанти. Да се утврдат можностите дел од тие ревизии да ги извршуваат институциите без надоместок или по пониска цена), со што ќе се намали товарот врз бизнисите.

## 6.2. Предлог-политики кои стимулираат раст на локалната конкурентност

Паралелно со мерките за олеснување на бариерите за водење бизнис и спречување на нелојалната конкуренција, потребно е да се предвидат и мерки кои ќе ја стимулираат конкурентноста и вложувањето во иновации, истражување и развој. Во оваа насока се предлагаат следните мерки:

### 6.2.1. Промовирање конкурентност преку квалитет во јавните набавки

Значителен дел од компаниите се вклучуваат во процесите на јавни набавки, па следствено, начинот на нивно спроведување и регулирање може директно да стимулира конкурентност базирана на квалитет. Мерките во оваа област би биле насочени кон примена на принципот „најдобар квалитет за најниска цена", односно економски најповолна понуда секаде каде што е можно. Тоа би подразбирало претходно утврдување технички спецификации и примена на критериуми за квалитет покрај критериумот за цена, кој ќе даде доволно широка можност за повеќе фирми да се јават како понудувачи, но истовремено нема да прави изедначување на економските оператори со различен квалитет.

### 6.2.2. Финансиска поддршка на претпријатијата за воведување нови технологии и зголемување на продуктивноста

Зголемувањето на продуктивноста е важен фактор во унапредувањето на конкурентноста. Продуктивноста може да се зголеми преку воведување нови технологии, осовременување на процесите и управување во претпријатијата, едукација на работната сила итн. На тој начин ќе се подобрат не само учинокот и конкурентноста на поединечните бизниси, туку ќе се подигне и нивото на квалитет и конкурентноста на производите и услугите на македонските претпријатија. Но, многу од претпријатијата, а особено малите фирми немаат доволно знаења

и вештини како на иновативен начин и преку воведување современи приоди да ја зголемат својата продуктивност. Тие речиси исклучиво се потпираат на намалување на оперативните трошоци по секоја цена (вклучително и трошоците на трудот) и на тој начин заглавуваат во матрицата на конкурентност базирана на ниска цена на чинење, што го намалува нивниот потенцијал за раст и одржливост. За да се стимулира зголемување на продуктивноста и конкурентноста преку воведување нови технологии и трендови базирани на квалитет, се предлага мерка за финансиска поддршка на претпријатијата во овој домен. Поддршката може да се реализира преку субвенции или преку поволни заеми за воведување нови технологии (особено зелени технологии), унапредување на процесите на производство и управување, оптимизирање на продуктивноста на работната сила итн. Финансиската поддршка треба да биде поткрепена и со експертска поддршка на претпријатијата за идентификување на можностите за зголемување на продуктивноста и за изготвување целосен план со финансиска проекција за ефектите по имплементацијата на новата интервенција.

### 6.2.3. Поддршка на меѓусекторски партнерства во истражувањето и развојот согласно потребите на стопанството

Поттикнувањето на истражувањето и развојот кои ќе најдат примена во стопанството треба да претставуваат еден од клучните столбови на развојот на македонското стопанство. Но, како што укажуваат истражувањата, македонските претпријатија незначително вложуваат во истражување и развој. Дури и кога се заинтересирани да направат исчекор во оваа област, немаат доволно ресурси ниту знаење да спроведат сеопфатни истражувања и да иницираат развојни и проекти во сферата на иновациите. Поради тоа, од особено значење е бизнисите да се поврзуваат меѓу себе, но и со другите релевантни чинители (универзитетите, здруженијата, институциите и сл.) и да влегуваат во партнерски проекти за применето истражување и развој. Предлог-политиките треба да опфатат мерки за кофинансирање на овие проекти од буџетски средства (останатиот дел би се финансирал од самите претпријатија), како и активности за поврзување на различните актери во заеднички развојни проекти. Особено е важно вклучувањето на големите компании и нивните добавувачи и деловни партнери. Во тој случај би се постигнала поголема ефективност и ефикасност на вложените ресурси бидејќи резултатот ќе се дистрибуира хоризонтално до сите добавувачи и ќе доведе до добитни решенија за сите вклучени страни.

Поради големата концентрација на економската активност во скопскиот регион, постои голема веројатност активностите за истражување и развој да се концентрираат околу главниот град, што ќе придонесе до уште поголеми регионални разлики во развојот и конкурентноста. Поради тоа, мерките во рамките на овие предлог-политики треба да бидат вградени во рамките на политиките за рамномерен и одржлив локален и регионален развој со клучна улога на локалните самоуправи и планските региони во идентификување на потребите и можностите во локалниот контекст.

Фондот за иновации веќе вклучува поддршка во оваа насока преку ко-финансирање на проекти за трансфер на технологии преку меѓусекторски партнерства. За реализација на овие мерки треба да се искористат и можностите кои ги нудат фондовите на Европската унија. Институциите треба да предвидат и поддршка за ваквите меѓусекторски партнерства во директно аплицирање во програмите на ЕУ.

### 6.2.4. Збогатување на системот на знаења кај МСП за интернационализација и конкурентност

За да се охрабрат МСП поактивно да излезат на меѓународните пазари потребна им е дополнителна поддршка во развивање на нивните менаџерски, технички и финансиски капацитети во насока на зголемена ефикасност, продуктивност и конкурентност. Исто така потребно е да се тргнат сите законски бариери коишто ги оптоваруваат МСП за излез на странските пазари. Многу од МСП не се запознаени со можностите и условите за водење бизнис на странските пазари. Поради тоа потребно е да се изгради систем на поддршка којшто ќе опфати неколку клучни елементи: а) идентификување на предлог-политики коишто ќе креираат поттикнувачко окружување за интернационализација на МСП; б) анализи и истражувања за условите на новите пазари во регионот, Европа и пошироко (во зависност од утврдените потреби и можности) и в) програми за едукација, информирање, вмрежување итн. во насока на зголемена конкурентност и пристап до меѓународни пазари.

# 7. Препораки

Предложените мерки се меѓусебно комплементарни и заемно не се исклучуваат. За постигнување систематски развој на лојалната конкуренција, потребно е да се адресираат сите горенаведени аспекти. Опциите за предлог-политиките не се нужно заемно поврзани, односно можна е нивна поединечна примена или во пакет. Предлог-политиките можат да се спроведуваат и етапно, но нужно е тие да бидат преточени во стратешките документи и годишните програми на Владата на РМ во временска динамика која ќе биде утврдена во согласност со можностите, но и во консултации со бизнис-заедницата.

Во насока на горенаведените предлог-политики за поттикнување на лојалната конкуренција, се предлага следново:

- Политиките за поттикнување на конкурентноста се комплексни и тие бараат сеопфатен систем на мерки кои ќе се стремат да ги постигнат следните цели и принципи:

- Да се поттикнува лојална конкурентност преку креирање исти услови за водење бизнис на сите деловни субјекти.

- Креирањето исти услови за водење бизнис не значи по автоматизам примена на истите поттикнувања и ограничувања за сите бизниси. Напротив, тоа бара внимателно балансирање и формулирање политики кои, од една страна, ќе креираат еднаков товар врз сите бизниси (согласно големината на бизнисот и секторот) но, истовремено ќе овозможат секој бизнис да го достигне максималниот потенцијал за раст и успех.

- Локалната конкурентност да се базира на квалитет, а не нужно ниски цени.

- Со оглед на структурата и постојниот капацитет на македонската економија, истражувањето, развојот и иновирањето ќе имаат оптимални ефекти ако се реализираат во меѓусекторски партнерства.

- Да се поттикнуваат секторските вмрежувања (формални и неформални) помеѓу бизнисите хоризонтално и вертикално во вредносниот синџир за споделување искуства,

градење капацитети и заедничко инвестирање во подобрување на продуктивноста, нови технологии и иновации. Политиките за поттикнување на вмрежувањето не треба да бидат од врвот надолу (top to bottom), туку треба да креираат услови во кои самите фирми ќе го препознаат бизнис-интересот од здружувањето.

- Во однос на предлог-политиките за надминување на бариерите за деловно работење, клучно е тие да се развиваат во консултации со бизнис-заедницата (Економско-социјалниот совет, организациите на работодавачите, стопанските комори, Националниот совет за претприемништво и конкурентност итн). Консултациите треба да започнат уште во процесот на утврдување на потребите и изготвување нацрт-текст на закон или стратегија, пред тие да влезат во владина процедура.

- За спроведување на предлог-политиките за стимулирање на локалната конкуренција во насока на унапредување на продуктивноста, новите технологии, истражувањето и развојот, треба да се искористат можностите кои ги нудат политиките и програмите на Европската унија.

## 8. Образложение

Предлог-мерките дадени во овој документ се базираат на препораките дадени од страна на самите работодавачи. Нивната аргументација се базира на постојните податоци, анализи и истражувања, но исто така и на практичните искуства и перцепции на самите фирми кои ќе бидат директни корисници на мерките. Деталното образложение за секоја од предлог-мерките е даденово поглавјето 6 во рамките на секоја мерка. Дел од мерките се идентификувани и во рамките на националните политики, а овој документ дава дополнителни насоки за нивна реализација.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) стојат на располагање за дополнителни консултации и дискусии со релевантните министерства, институции и други чинители во насока на детално разработување на мерките кои ќе овозможат и нивна практична примена.

## 9. Спроведување

Опциите за предлог-политиките не се нужно заемно поврзани, односно можна е нивна поединечна примена или во пакет. Предлог-политиките можат да се спроведуваат и етапно во временска динамика која ќе биде утврдена во согласност со можностите, но и во консултации со бизнис-заедницата. За спроведување на предложените предлог-мерки, пред сè, потребна е политичка волја (особено за предлог-мерките во точката 6.1.). Поради тоа, нужно е тие да бидат преточени во стратешките документи и годишните програми на Владата на РМ со конкретно испланирани мерки чие спроведување ќе се следи континуирано.

За соодветно преточување на предлог-мерките во конкретни и спроведливи политики, потребни се дополнителни анализи и пресметки за финансиските импликации и различните

начини на имплементација на мерките со цел да се постигне најдобар учинок со ресурсите кои можат да се стават на располагање.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) се посветени на поддршка во спроведувањето на предлог-мерките особено од аспект на овозможување консултации со фирмите.

## 10. Следење и оцена

За постигнување на очекуваните резултати и влијанија од предлог-политиките, неопходно е уште од почетокот да се воспостави систем за следење и оцена. Дел од показателите се веќе идентификувани од страна на меѓународните институции, но важно е да се следи и перцепцијата на бизнис-секторот. Особено е потребно да се зајакне следењето на регулативата поврзана со поттикнување лојална конкуренција.

На почетокот е неопходно да се направи и анализа на реализирањето и резултатите на постојните политики и мерки. Тоа ќе овозможи воспоставување и соодветен систем на следење и оцена на идните предлог-политики.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) и натаму ќе продолжат да ги следат состојбите и напредокот во оваа област. Согласно можностите, тие ќе подготвуваат и извештаи и анализи кои ќе се стават на располагање на институциите, бизнис-заедницата и пошироката јавност, со цел да придонесат во унапредувањето на политиките во овој сегмент.

Контакт информации на
Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ)
Претседател г. Ангел Димитров
Извршен директор г-а Белинда Николовска
Генерален секретар г-а Светлана Ристовска Антиќ
Ул. Димитрие Чуповски бр.13
info@orm.org.mk
++389(0)23215085
http://www.orm.org.mk